7 VI 8438 2037 157, 1, 22/362-365
42/919
ИСТОРИСКИ МУЗЕЈ НА МРМ СКОПЈЕ

**Говорот на другарот Темпо на 29.XII.1944 год.**

Другари народни претставители,

Ние во Македониа йа добивме борбата на две полинйа. Македониа е слободна. Ама нам ни претстои работа, долга и упорна борба. Ние требе да йа спечалиме борбата и на политичкото поле. Во Македониа и во сите земйи на Йугославиа денеска неприателот на нашиот народ, кой до неодамна фронтално напагйаше на нас, заедно со сите елементи што се ставиа на служба на воените завойувачи, германските и бугарски окупатори, денеска той неприател е скршен, ама той не е поништен. Той се замаскирал, той се сокрил и скришно работи за уништуенйето на придобивките от нашата народно-ослободителна борба. Другарот Тито на едно место, во еден свой говор вели, дека найглавната опаснос, што виснала над народите на Йугославиа и койа прети на единината на народите от Йугославиа, това са шовиниско-сепаратистички тенденции, што се покажуйат во разните делови на нашата земйа, това са така наречените локални патриотизми на некои мали окрузи.

Еве до какво положение дойдовме.

На границата кай Сава, мегйу Войводина и Србиа поставена е царинска граница, жито не можеше да превагйа от тие краеви во Босна, во попалената Босна, Црна Гора, Лика и Хрватска итн.

Косовско-метохиската власт забранила да се сечат дрва во Качаник за Скопйе.

Натака: кумановското подручйе забранило изнесуенйе на жито за Вранйе. Онова Куманово и онова Вранйе, кои земайа найживо участие во овие тешки борби.

За едно проклето село на Козйак се караат македонските и српските партизани чие е това село, македонско или српско.

Натака. ~~Ама што натака~~. Работата за некойа проклета шайкача се чула дури до Белград, и во преприкажуванйата се вели, како овде никой не смее да носи шайкача, а не се гледа фактот, што йа гледам толку шайкачи тука.

Уште еден пример. Наши српски другари давале слободни дозволи на некои Срби и Македонци за превагйанйе во Македониа не чекайки ги решениата на Националниот Комитет. Македонските другари ги позатворие. Го чула това белградската чаршиа. И преприкажуе. А некои от духовните лица се осмелуйат и дури со потсмев да прашаат: "Нешто не ви оди во Македониа, требе пак да се пракйа Темпо да йа уреди работата". Како да е Темпо заштитник на српството во Македониа. И така, имате српски лагер, спрема прикажуенйето на белградската чаршиа.

Што ~~се гледа~~ излегва от сето това? Се секйава дека неприателот успейал да влезе во нашите редови и да ровари. А нашата цел е оштро да удриме по сите такви тенденции на сите неприатели и оштро на сите да кажеме дека Македониа е македонска и Йугославйанска, дека Србиа е српска и Йугославйанска. /Ракоплескания/. А онова село на Козйак, това е село на Титова Йугославиа, па било во Македониа или Србиа. Ние дадовме наредба да се бере гората от Качаник и пренесуе во Скопйе, защто и Качаник и Скопйе се навогйаат во Йугославиа.

ИСТОРИСКИ МУЗЕЈ НА МРМ СКОПЈЕ

Това са тие шовинистички тенденции. Целта им е йасна: да се распарча Йугославиа, да се ослаби една силна, една мокйна, една голема Йугославиа, койа би била важен фактор на Балканот, во Средна Европа, койа би била заштитник на славйанството на Балканот, койа би била мокйна пречка на секой империалистички чекор на Балканот. /Ракоплескания/

Йасно е дека тие лугйе идат со тенденциа от некои тугйи кругови, кои настойаваат да ги повторат националните борби на нашата голема земйа.

Ние, другари, не поставивме за цел на нашата борба само да се ослободиме от окупаторот, ние не йа поставивме за цел, значи, само нашата национална независнос. Затова ке работиме и нема да позволиме ни стопански ни политички да зависиме от тугйи сили, а поготово от оние што имаат империалистички стремежи на Балканот.

Йа мислам и велам, дека во Македониа има тенденции за разлабуванйе на централната влас~~во Македониа~~. Де, не знам, еден округ, де не знам ова... Секой си йа чува свойата прчварница, а не гледа да ни е неопходна цврста власт во Йугославиа, цврста власт во Македониа.

Ние ке йа спечалиме борбата на политичкото поле. Ама требе да се найдех неприателот, што се замаскирал и да се дотепа. И ние йавно велиме: ние ке го найдеме неприателот и ке го дотепаме.

Ние во Македониа кренавме воружена борба тогай кога никой не веруеше. Ама ние веруевме во своите раци, се надеевме и веруевме дека ке успееме. И успейавме. Успейавме со цврста решителна борба. Успейавме тогай што малку от нив веруейа да ги собереме околу себе сите Македонци и оние што ги викайа србомани и оние што ги викайа бугарофили. Ама сега кога се ослободивме, се покажайа некои тенденции што пак имаат корен во тугина. И ние сега-што? Ние требе да им кажеме, да им докажеме, дека никаква тугйа сила нема да дойде, дека единствена сила е нашата войска /Ракоплескания и повици: "Така е"/ и цврсто да йа земеме в раци народната влас.

Да не го толкуе некой от нив нашето извесно незнаенйе по прашанйето на власта како слабос. Да се даде участие на целиот народ во народната влас, кой цел учествуеше во овайа борба. Това ке можеме да постигнеме ако работиме на превоспитанйето и освестуенйето на нашиот народ. А това требе да се постигне заради това, што требе да йа имаме сета влас во свои раци. Това е потполната демократизациа на нашата народна влас. И ние ке спроведеме таква влас во Македониа. Нашата влас ке йа движи творческата сила на народот. Ке йа снема бирократиата, от койа се плачете, ке ги снема сите тие лоши работи, защто народот здраво йа избира свойата влас. Ние не се плашевме да му дадеме на овой народ оружйе и да одиме во борба со него, ние нема да се плашиме и да му дадеме влас во негови раци.

Друга една работа. Ние требе да позволиме права слободна критика здрава критика. Да, здрава критика. Без здрава критика нема здрава работа. Само при това требе да се пази. Има изесни лугйе кои не сакаат да критикуйат здраво. Това са неприателите на нашата борба. И йа нив би ги предупредил еднаш, убедувал и предупредуел неколку пати, а не поможе ли ништо йа би ги дал нив пред народен суд. Со такво поставуенйе на работата, ние ке можеме да оствариме една вистинска народна демократска влас. Само, да не сметат другарите дека овайа сегашна влас не е демократска влас. Овайа влас излезе от три и пол годишната борба и ако не е избирана со куглички, тайа е избрана со крвта на найарните синови на той народ.

 8438 2037 364

ИСТОРИСКИ МУЗЕЈ НА МРЕГ СКОПЈЕ

Штом борбата беше свршена, ние го прашавме народот да ли йа признава той нашата борба, да ли ги признава той нашите успеси во тайа борба. Со това уште повеке го зайакнавме единството на македонскиот народ. Како што во течението на овайа борба беше земал участие во еден фронт целиот народ, така и денеска требе да земе участие во изградуванйето на народната влас.

Се говореше тука от предговорниците и за националните малцинства. Йа би сакал по това прашанйе да кажам нешто. Националните малцинства имаат право на свой културен и национален живот. Ама, тие това право требе да го спечалат во борба. Во основното начело на овайа война е, дека ни еден народ не може да се ослободи без борба. За слободата на македонскиот народ паднайа героите на македонскиот народ. Падна Мирче Ацев, падна Страшо Пинджур, паднайа знайни и незнайни герои, се лееше крв по сите ридишта на Македониа, Србиа, Црна Гора, Хрватска итн. Тайа слобода со крвн е постигната, затова е така добро чувана, затова така добро е бранета. /Ракоплескания/ Затова порачуеме на нашите сограгйани, ~~[illegible] се вели~~, Турци и Албанци да земат участие во изградуванйето на народната влас и да ги бараат своите права, ама оние кои во овайа борба йа дадоа драговолно свойата крв.

~~/Понатаму другарот Темпо говорейки за дневните прашанйа, се запра на културно-просветното прашанйе/~~

И трекйата борба требе да йа добиеме, борбата на културно-просветното поле. Никаде не владее таква неписменос како во Македониа. Това е последица от ропскиот живот, от ропството што со векови го преживуеше македонскиот народ. Ама, дека ~~[illegible]~~ сите возможности за развиванйе на културно-просветна работа огромни, това се гледа по тие факти дека и против ропството и теророт на великосрпската реакциа во Македониа се гаеше македонската култура, раснеше, тлееше тайно, нелегално, наспроти на терррот, наспроти на реакциата.

И тайа трекйа борба ние ке йа добиеме. Така ке йа сочуваме слободната мокйна демократска федеративна Йугославиа. /Бурни ракоплескания

додаток за стр. 3

365

2037

8438

ИСТОРИСКИ МУЗЕЈ НА МРМ СКОПЈЕ

Да се позабавиме прво со Турците.

Турците, особено во брегалничко-струмичкиот край, во огромна мерка допринесоа за успехот на нашата борба и со право можат да бараат да учествуйат во сите придобивки, спечалени со нашата борба, затова што доброволно йа давайа свойата крв и своите животи. Това исто може да се каже за тиквешката област, а нешто помалку и за Скопйе.

Во врска со това, йа би сакал да кажам: сите ние, што не земале участие во изградувайето на нашата народна власт, да земат участие во остваруванйето на задачите, што стойат пред нашата народна власт.

Во врска со това, му одговоруйам на другарот Хасан Щукри и велам, дека кай нас нема големи и мали, силни и слаби, затова што ние сите учествуевме во тайа борба, сите дававме жертви, затова и сите ке учествуеме во тайа власт.

Би кажал некой збор и за Албанците. Албанскиот народ от тетовскиот и гостиварскиот край уште нема право на полна слобода, затова што не заслужил това. Требеше да заслужат тие другари Албанци от Гостивар за да земат и равно участие во народната власт. Това смело га кажуйам, дека тие многу терор правеле, многу крв пролеале во тие наши краишта. Ама това не се односи на Албанците от струшкиот и дебарскиот край. Тие учествуейа во нашите борби и имаат право да учествуйат и во народната власт.

Со еден збор сите национални малцинства можеле и можат да учествуйат во борбата против фашизмот и реакциата, да земат участие во изградуенйето на народната власт и да докажат дека имаат полно право на соштествуенйе како национални малцинства во Македониа.

Смело да поставиме и такви прашанйа. Ние ке победиме и на политичко поле. Вистина тешки задачи стойат пред нас. Ние во Македониа требе да решиме ваков проблем: да создадеме државни раководители, да создадеме организирана нова народна власт, койа ке ги земе уздите во свои раци.

За тайа цел, йа би дал некои сугестии. Мене ми се чини, дека би било умесно предложение на народните представители да се формираат школи, да се почне со курсеви, каде младината или старите, предайни на македонскиот народ, ке научат како се водат политички, стопански и финансови работи, за да можат да го заштитат македонскиот народ и да йа раководат неговата држава.

Ние и тайа битка без секое сомнение ке йа добиеме. Ние ке йа добиеме затова што йа познаваме неисцрпната народна енергиа. Ние го знаеме това от 1941 год., 1942, 1943 година. Знаеме и сега, а ке знаеме и утре. И затова велам, дека ние ке йа добиеме битката и на политичко поле.